Уп. бр. 08-153

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18) и („Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесена од друштвата: Даимлер Трак со регистрирано на седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија и Актиеболагет Волво со главно седиште на Гропегардсгатан 2, 405 08 Гетеборг, Шведска, доставено преку адвокат Љупка Новеска Андонова од Скопје, на седницата одржана на ден 17.12.2024 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Даимлер Трак со регистрирано седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, и Актиеболагет Волво со главно седиште на Гропегардсгатан 2, 405 08 Гетеборг, Шведска ќе формираат целосно функционално заедничко вложување кое ќе се фокусира на истражување, развој и комерцијализација на софтверски дефинирана платформа за комерцијални возила, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 19.11.2024 година до Комисијата за

заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на Даимлер Трак со регистрирано седиште на Фасаненвег 10, 70771 Лајнфелден-Ехтердинген, Германија, и Актиеболагет Волво со главно седиште на Гропегардсгатан 2, 405 08 Гетеборг, Шведска, со кое Даимлер Трак и Актиеболагет Волво ќе формираат целосно функционално заедничко вложување кое ќе се фокусира на истражување, развој и комерцијализација на софтверски дефинирана платформа за комерцијални возила.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Даимлер Трак** (Daimler Truck) со седиште во Лајнфелд-Ехтердинген, Германија е 100% зависно друштво на Даимлер Трак Холдинг АГ (Daimler Truck Holding AG), друштво кое котира на берзата во Франкфурт. Даимлер Трак е оперативно владејачко друштво за активностите на Даимлер Трак Груп поврзани со камиони и автобуси со брендови како Мерцедес-Бенц Тракс (Mercedes-Benz Trucks), Фрејтлајнер (Freightliner), Митсубуши Фусо (Mitsubishi Fuso), Вестерн Стар (Western Star), Сетра (Setra) и Ризон (Rizon).

Даимлер Трак нема регистрирано зависно друштво во Северна Македонија, но остварува приходи на македонскиот пазар преку продавање на возила преку независни дистрибутери.

-**Актиеболагет Волво** е меѓународно друштво со седиште во Гетеборг, Шведска и кое јавно котира на наведено на Nasdaq OMX Nordic берзата. Преку своите акции во друштвата на Волво Групацијата („**Волво Групацијата**"), Волво е активно на светско ниво во производство и продажба на камиони за сообраќај и вон сообраќај, автобуси, градежна опрема и поморски транспорт, за сообраќај и вон сообраќај и индустриски мотори. Портфолиото на брендови на Волво Групацијата се состои од Волво (Volvo), Волво Пента (Volvo Penta), Рокбак (Rokbak), Рено Тракс (Renault Trucks), Превост (Prevost), Нова Бас (Nova Bus) и Мак (Mack).

Главните деловни единици на Волво се:

-Камиони: развој, производство и маркетинг на средно тешки до тешки камиони за регионални транспортни и градежни операции на долги релации. Во ЕЕО (Европска Економска Област), овие камиони се продаваат под брендовите Волво Тракс и Рено Тракс.

-Автобуси: развој, производство и маркетинг на градски и меѓуградски автобуси, транспортни автобуси за подолги релации (coaches) и шасии. Во ЕЕО, овие автобуси се продаваат под брендот Волво.

-Мотори: развој, производство и маркетинг на погонски системи за поморски и индустриски намени под брендот Волво Пента. Волво е активен и во производството на мотори за возила на

автопат.

-Градежна опрема: развој, производство и маркетинг на градежна опрема и слични индустрии, вклучувајќи багери на тркала и гасеница, артикулирани товарни возила, тешки товарни возила на тркала, опрема за уривање, управувачи на отпад, набивачи, и ланец на компактна опрема (како што се мини натоварувачи и мини багери). Во ЕЕО, овие активности се спроведуваат под брендовите Волво (градежна опрема) и Рокбак.

-Финансиски менаџмент: услуги за финансирање на клиенти.

Волво Групацијата има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија –**ВОЛВО МАКЕДОНИЈА ВТЦ ДООЕЛ**, со регистрирано седиште на ул. 112 бр. 2/14 Ќојлија, Петровец, Скопје 1043 и приоритетна дејност – трговија со останати моторни возила.

-**Заедничкото вложување** ќе биде основано во правна форма на акционерско друштво според законите на Шведска (на шведски јазик: *Aktiebolag*). Би можело да има зависно друштво во целосна сопственост и во форма на друштво со ограничена одговорност според законите на Германија (на германски јазик: *Gesellschaft mit beschrankten Haftung*) и потенцијално дополнителни зависни друштва, вклучително и едно во Индија кое првенствено ќе се фокусира на потребите за истражување и развој. Заедничкото вложување првично ќе биде основано како зависно друштво во целосна сопственост на Волво Групацијата. На датумот на затворање Трансакцијата, Даимлер Трак ќе се стекне со 50% од акциите во Заедничкото вложување.

Заедничкото вложување ќе биде под заедничка контрола, директно или индиректно, од страна на подносителите, тоа ќе биде посебно правно лице со сопствен корпоративен идентитет и ќе има доволно финансиски средства за самостојно да работи на трајна основа.

Заедничкото вложување ќе се фокусира на истражувањето, развојот и комерцијализацијата на СДВ Платформа за комерцијални возила.. СДВ (Софтверско дефинирано возило) претставува тренд во развојот на возилата, каде што искуството на клиентите во возилото сé повеќе зависи од софтверот, а не, како во минатото претежно од хардверот на возилото. Софтверски дефинираните возила овозможуваат нови форми на поврзаност, автоматизација и персонализирани карактеристики.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на

негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**